Друштва за даночен консалтинг, сметководство и инженеринг
ПКФ НОВА КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје
Бр. 0307-10
30.06.2025 год.

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 05-411/1
30.06.2025 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

за јавна набавка на сметководствени услуги

Склучен помеѓу:

1. **Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" - Скопје**, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 23 а, 1000 Скопје, застапувано од директорот Ангеле Сотировски, во натамошниот текст како **договорен орган** и

2. **Друштво за даночен консалтинг, сметководство и инженеринг ПКФ НОВА КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје,** со седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 48 – блок 5/ град. зид Скопје, со ЕМБС 6461131, даночен број 4058009500637, жиро сметка бр. 300000003124697, депонент на Комерцијална банка АД Скопје, застапувано од управителот Кристина Тилиќ, во натамошниот текст како **носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор се сметководствени услуги за потребите на договорниот орган според тендерската документација и прифатената понуда од страна на договорниот орган по спроведената постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас преку ЕСЈН бр. 09952/2025 од 03.06.2025 година. Постапката заврши со одлуката за избор бр. 05-384/1 од 11.06.2025 година.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката од овој договор изнесува 399.996,00 денари (33.333,00 денари месечно) без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност пресметан на вкупната вредност на набавката изнесува 72.999,28 денари (5.999,94 денари месечно).

Вкупната вредност на набавката од овој договор со данокот на додадена вредност изнесува 471.995,28 денари (39.332,94 денари месечно).

## III. РОК И МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ

**Член 3**

Носителот на набавката е должен да ја извршува предметна набавка од член 1 од овој договор во траење од една година од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни.

Носителот на набавката ќе ја извршува предметната набавка од член 1 од овој договор секој работен ден во просториите на седиштето на договорниот орган или во просториите на носителот на набавката.

## IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Договорниот орган плаќањето ќе го врши вирмански во рок од 30 дена од денот на доставувањето на фактурата за извршената месечна услуга од страна на носителот на набавката.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да ја извршува набавката согласно спецификацијата дадена во тендерската документација во прилог кон оваа предметна набавка.

Договорниот орган како нарачател се обврзува да го изврши плаќањето за предметна набавка во рок определен во член 4 од овој договор.

**Член 6**

Носителот на набавката како давател на услугата се обврзува да врши книжење на изготвената документација од страна на договорниот орган, изготвување на ДДВ пријави, изготвување на финансиски извештаи во согласност со законските прописи и примена на МСС стандардите.

## VI. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска кон другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 8**

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна мора да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Овој Договор може да се раскине и пред истекот на времето и исполнување на износот на кој е склучен ако:

- Носителот на набавката ненавремено, нестручно и неквалитетно ќе ја изврши предметната набавка;
- од било кои причини престане потребата кај договорниот орган од предметната набавка од член 1 од овој Договор и во други случаи утврдени со закон.

**Член 9**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа писмено да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

Доколку Договорот се раскине по вина на носителот на набавката, може да се склучи Договор за јавна набавка со второрангираниот економски оператор.

## VII. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Ниедна од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбира сé она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување на договорот.

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, согласно Законот за јавни набавки.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот, ако е потпишан од двете договорни страни, согласно Законот за Јавни набавки.

**Член 12**

Овој договор е склучен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои секоја страна задржува по 1 (еден) примерок.

| | |
|---|---|
| **ДОГОВОРЕН ОРГАН:** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:** |
| **ЈПУЗПП ЈАСЕН** | **ПКФ НОВА КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје** |
| Директор | Управител |
| **Ангеле Сотировски** | **Кристина Тилиќ** |